Врз основа на член 59 од Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци („Службен весник на РМ", бр. 13/96), министерот за труд и социјална политика, по претходно прибавено мислење од министерот за финансии, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА НАЧИНОТ НА ИСПЛАТАТА НА МЕСЕЧНИТЕ И ДРУГИТЕ ПАРИЧНИ ПРИМАЊА, ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ИЗВРШЕНИТЕ ИСПЛАТИ И ДОСТАВУВАЊЕ ИЗВЕШТАИ ЗА ПОТРОШЕНИТЕ СРЕДСТВА

Член 1

Со овој правилник се уредува начинот на исплатата на месечните парични примања на воените инвалиди и корисници на семејна инвалиднина и другите парични примања, на кои воените инвалиди, корисниците на семејна инвалиднина и други корисници (во натамошниот текст: корисници), имаат право според Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци (во натамошниот текст: законот) како и начинот на водењето на евиденцијата за извршените исплати и доставување на извештаи за потрошените средства.

Член 2

Исплатата на месечните парични примања и другите парични примања на корисниците, се врши согласно прописите за платен промет и овој правилник.

Член 3

Исплатата на: личната инвалиднина, семејната и зголемената семејна инвалиднина, инвалидскиот додаток, додатокот за нега и помош, ортопедскиот додаток, додатокот на деца и надоместокот за професионална рехабилитација (во натамошниот текст: месечни парични примања), се врши месечно со упатница, на тековна сметка или на штедна книшка на име на корисникот.

Исплатата на еднократната парична помош во случај на смрт на воен инвалид се врши со упатница.

Член 4

Исплатата на: придонесот за здравствено осигурување, учеството во трошоците при користење на здравствена заштита, надоместокот за медицински испитувања, трошоците за бањско климатско лекување, набавката на моторно возило, надоместокот за бесплатен и повластен превоз и надоместокот за услугите во платниот промет (во натамошниот текст: други исплати), се врши со налог за пренос, по доставени пресметки.

Член 5

Исплатата на месечните парични примања на корисниците со живеалиште во странство, се врши согласно прописите за платен промет со странство и Одлуката на Владата на Република Македонија од членот 58 од Законот.

По исклучок од ставот 1 на овој член, по барање на корисникот, исплатата може да се врши со упатница, на тековна сметка или на штедна книшка на име на негов полномошник кој живее во Република Македонија.

Член 6

Исплатата на надоместокот за работа на членовите на лекарските комисии се врши со упатница, на штедна книшка, на тековна сметка или на жиро сметка.

Член 7

Евиденцијата за извршените исплати се води на книговодствени картици, збирно и аналитички.

На збирната книговодствена картица се евидентираат извршените исплати од соодветната сметка од Буџетот на Републиката, врз основа на дневен извод од Заводот за платен промет (во натамошниот текст: Заводот).

На аналитичките книговодствени картици се евидентираат извршените исплати по видови на месечните примања и другите исплати, врз основа на прилозите кон дневниот извод од Заводот.

Член 8

Збирната и аналитичките книговодствени картици се заклучуваат со 31 декември, а ги заверува лицето кое ги води тие картици и наредбодавачот.

Член 9

За исплатите на месечните парични примања од членот 3 ставот 1 на овој правилник, се води и Ликвидационен лист за исплатени месечни примања на воен инвалид и на корисник на семејна инвалиднина (во натамошниот текст: Ликвидационен лист), за секој корисник одделно (Образец бр. 1).

За исплатените месечни парични примања од членот 5 на овој правилник се води Ликвидационен лист за исплатени месечни примања на корисници со живеалиште во странство (Образец бр. 2).

Член 10

Врз основа на евиденцијата која се води по одредбите на овој правилник се подготвуваат полугодишен и годишен извештај за потрошените средства (Образец бр. 3) најдоцна до 31 јули односно 3 јануари за претходната година.

Извештаите од ставот 1 на овој правилник, Министерството за труд и социјална политика - Републичка управа за прашања на борците и воените инвалиди ги доставува најдоцна до 30 август, односно 28 февруари за претходната година до Министерството за финансии.

Член 11

Покрај извештаите за потрошените средства се подготвуваат и доставуваат и извештаи за бројот на корисниците по видови на права, врз основа на Регистарот за воените инвалиди (Образец бр. 4) и Регистерот на корисниците за семејна инвалиднина (Образец бр. 5).

Член 12

Обрасците бр. 1, 2, 3, 4 и 5 се отпечатени кон овој правилник и се негов составен дел.

Член 13

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 12-3556/5-96
11 јули 1996 година
Скопје

Министер
за труд и социјална политика,
**Насер Зибери,** с.р.

Образец бр.1

Бр.на предметот_______

# ЛИКВИДАЦИОНЕН ЛИСТ

за исплатени месечни примања на воен инвалид и на корисник на семејна инвалиднина

| | Деца-корисници на семејна инвалиднина | | Податоци за школување |
|---|---|---|---|
| | Име | Дата и година на раѓање | |
| ______________________ (име и презиме) | | | |
| (воен инвалид, мирновременски-група на семејна инвалиднина, основ-паднат борец - воен инвалид) | | | |
| ______________________ (година на раѓање) | | | |
| ______________________ (адреса) | | | |
| ______________________ (сродство на корисникот од кој го изведува правото) | | | |
| | | | |
| | | | |

Податоци од решението

| Назив на органот кој го издал решението | Бр.н. решение | Важи | | Инвалиднина | | Зголемена семејна инвалидн. | | Додаток за нега и помош | | Ортопедски додаток | | Инвалидски додаток | | Додаток на деца | Професионалната рехабилитација | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | од | до | лична | семејна | член 31 | член 32 | степен | износ | степен | износ | полн | намален | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | |

Запршки:

1.законски ______________________

2.други ______________________

ЗА ИСПЛАТА ______________________

Книжење на исплатите

| Година ___ | | | | Година ___ | | | | Година ___ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Месец | Број на извод | Износ | Потпис | Месец | Број на извод | Износ | Потпис | Месец | Број на извод | Износ | Потпис |
| I | | | | I | | | | I | | | |
| II | | | | II | | | | II | | | |
| III | | | | III | | | | III | | | |
| IV | | | | IV | | | | IV | | | |
| V | | | | V | | | | V | | | |
| VI | | | | VI | | | | VI | | | |
| VII | | | | VII | | | | VII | | | |
| VIII | | | | VIII | | | | VIII | | | |
| IX | | | | IX | | | | IX | | | |
| X | | | | X | | | | X | | | |
| XI | | | | XI | | | | XI | | | |
| XII | | | | XII | | | | XII | | | |
| ВКУПНО: | | | | | | | | | | | |

Образец бр.2

Бр.на предмет_____

# ЛИКВИДАЦИОНЕН ЛИСТ

## за исплатени месечни примања на корисниците со живеалиште во странство

| Име и презиме | Воен инвалид - група | Мирновременски - група | Корисник на семејна | | Година на раѓање | А д р е с а |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | паднат борец | воен | | |
| | | | | | | |

Податоци од решението

| Назив на оргонот кој го издал решението | Број на решени-ето | Инвалиднина | | Додаток за нега и помош | | Ортопедски додаток | | Инвалидски додаток | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | лична | семејна | степен | износ | степен | износ | полн | намален | |
| | | | | | | | | | | |

Книжење на исплатите

| Година___ | | | | | Година___ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Месец | Број на извод | И з н о с | | Потпис | Месец | Број на извод | И з н о с | | Потпис |
| | | денари | долари | | | | денари | долари | |
| I | | | | | I | | | | |
| II | | | | | II | | | | |
| III | | | | | III | | | | |
| IV | | | | | IV | | | | |
| V | | | | | V | | | | |
| VI | | | | | VI | | | | |
| VII | | | | | VII | | | | |
| VIII | | | | | VIII | | | | |
| IX | | | | | IX | | | | |
| X | | | | | X | | | | |
| XI | | | | | XI | | | | |
| XII | | | | | XII | | | | |
| ВКУПНО: | | | | | ВКУПНО: | | | | |

Образец бр.3

______________________________
(назив на органот кој го доставува)

# И З В Е Ш Т А Ј

за потрошените средства од Буџетот на Републиката за правата на воените инвалиди и корисниците на семејна инвалиднина за период од _______________до_______________

| Вид на исплатата | Износ |
|---|---|
| I.Месечни парични примања: | |
| - лична инвалиднина | __________ |
| - семејна инвалиднина | __________ |
| - зголемена семејна инвалиднина | __________ |
| - инвалидски додаток | __________ |
| - додаток за нега и помош | __________ |
| - ортопедски додаток | __________ |
| - надоместок за професионална рехабилитација | __________ |
| - додаток на деца | __________ |
| - месечни парични примања на корисници во странство | __________ |
| ВКУПНО I: | __________ |
| II.Други исплати: | |
| - помош во случај на смрт на воен инвалид | __________ |
| - бањско и климатско лекување | __________ |
| - набавка на моторно возило | __________ |
| - бесплатен и повластен превоз | __________ |
| - надоместок за работа на лекарска комисија | __________ |
| - трошоци за медицински испитувања | __________ |
| - придонес за здраствено осигурување | __________ |
| - трошоци за учество при остварување на здравствена заштита (партиципација) | __________ |
| - надоместок на услуги за платен промет (ПТТ и ЗПП) | __________ |
| ВКУПНО II: | __________ |
| ВКУПНО I + II: | __________ |

_______________ м.п. _______________
(изготвил) (овластено лице)

Образец бр.4

## Р Е Г И С Т Е Р
### за воени инвалиди

| Реден број | Име и презиме | Адреса | Воен инвалид (НОВ, НОДЕМ, војните од РС, РХ и РБ и Х) мирновременски поранешна ЈНА односно АРМ | Број на решението | Процент и група на инвалидитет | Степен на нега и помош | Степен на ортопедски додаток | Инвалидски додаток поли-намален износ | Додаток на деца - за колку деца | Надоместок за професионална рехабилитација | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | |

______________________
(назив на органот)

Образец бр.5

## Р Е Г И С Т Е Р
### за корисниците на семејна инвалиднина

| Реден број | Име и презиме | Адреса | Број на решение | Основ по кој го остварува правото - паднат борец од НОВ, НОДЕМ, војните во РС, РХ и РБиХ, поранешна ЈНА, АРМ, по умрен воен инвалид | Сродство со лицето од кое го изведува правото | Зголемена семејна инвалиднина чл.31 или 32 | Инвалидски додаток - поли - намален износ | Соуживатели - број | Додаток на деца - колку деца | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | |